**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
- Градоначалник -
Бр. 11-338/4 од 03.03.2025 година
Чучер Сандево

# Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Се одобрува **Проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој - викенд куќа НА КП 3375/2, КП 3377 и КП 3378, КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево**, со проектен опфат од **1,97 ха.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот, **Друштво за градежништво ВБВ ИНВЕСТ дооел** преку управител Вифан Гаши, Скопје на ден 11.02.2025 година, поднесе Барање за одобрување, **Проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој - викенд куќа НА КП 3375/2, КП 3377 и КП 3378, КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево**, тех.бр. **03-ПП/2025** од јануари 2025 година, изработена од Друштво за проектирање, градежништво, трговија, услуги УРБАН ПЛАННЕР ДООЕЛ, Гостивар со лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0116 од 20.05.2027 година на неопределено време.

Комисијата за урбанизам на Општина Чучер-Сандево, формирана со Решение бр. 09-939/1 од 26.06.2023 година, согласно член 38 став (8) и Член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), на ден 26.02.2025 година, достави до Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, Предлог за одобрување на **Проектна програма за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 – семејни куќи за времен престој - викенд куќа НА КП 3375/2, КП 3377 и КП 3378, КО Глуво Бразда, општина Чучер Сандево.**

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

***Правна поука:*** Против ова решение незадоволната страна може да изјави посебна жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

**Изработил:**
Бојана Палифровска миа

**Одобрил од правен аспект:**
Румена Соколиќ

**Градоначалник на**
**Општина Чучер Сндево**,
Сашко Комненовиќ